Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1511/2021

Дата.......14-10-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Прилеп, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на нов водоснабдителен цевковод на Манастирски комплекс Трескавец на КП 334-дел, КП 336-дел, КП 340-дел,КП 341-дел, КП 342-дел, КП 343дел, КП 338-дел, КО Дабница, Општина Прилеп.**

Должината на планскиот опфат изнесува 0.5 km.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y25421** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата за изградба на нов водоснабдителен цевковод на Манастирски комплекс Трескавец на КП 334-дел, КП 336-дел, КП 340-дел,КП 341-дел, КП 342-дел, КП 343дел, КП 338-дел, КО Дабница, Општина Прилеп, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на нов водоснабдителен цевковод на Манастирски комплекс Трескавец на КП 334-дел, КП 336-дел, КП 340-дел,КП 341-дел, КП 342-дел, КП 343дел, КП 338-дел, КО Дабница, Општина Прилеп, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка за изградба на нов водоснабдителен цевковод на Манастирски комплекс Трескавец , КО Дабница, Општина Прилеп, влегува во заштитено природно наследство – споменик на природата "Маркови кули".

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на нов водоснабдителен цевковод на Манастирски комплекс Трескавец на КП 334-дел, КП 336-дел, КП 340-дел,КП 341-дел, КП 342-дел, КП 343дел, КП 338-дел, КО Дабница, Општина Прилеп, задолжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Прилеп, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), ), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 38163 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за **изградба на нов водоснабдителен цевковод на Манастирски комплекс Трескавец на КП 334-дел, КП 336-дел, КП 340-дел,КП 341-дел, КП 342-дел, КП 343дел, КП 338-дел, КО Дабница, Општина Прилеп,**. Должината на планскиот опфат изнесува 0.5 km.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на нов водоснабдителен цевковод на Манастирски комплекс Трескавец на КП 334-дел, КП 336-дел, КП 340-дел,КП 341-дел, КП 342-дел, КП 343дел, КП 338-дел, КО Дабница, Општина Прилеп, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1511/2021 од 12.10.2021 година.

Услови за планирање на просторот изградба на нов водоснабдителен цевковод на Манастирски комплекс Трескавец на КП 334-дел, КП 336-дел, КП 340-дел,КП 341-дел, КП 342-дел, КП 343дел, КП 338-дел, КО Дабница, Општина Прилеп и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на просторот за изградба на нов водоснабдителен цевковод на Манастирски комплекс Трескавец на КП 334-дел, КП 336-дел, КП 340-дел,КП 341-дел, КП 342-дел, КП 343дел, КП 338-дел, КО Дабница, Општина Прилеп,** и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk